У-6.бр.1310/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Ана Герасимовска - како судија поединец, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за скенирање, обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво ТРПЕНОСКИ од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-646/6 од 08.07.2020 година, за јавна набавка, на одржаната јавна расправа, вредност на спорот 300.000,00 денари, во присуство на полномошникот на тужителот и тужениот орган, а во отсуство на заинтересираното лице – уредно покането, 14.07.2021 година донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за скенирање, обработка и складирање на документи КОНТЕГО ДОО Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-646/6 од 08.07.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-646/6 од 08.07.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се одбива како неоснована жалбата на КОНТЕГО ДОО Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда од 23.06.2020 година донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 03007/2020 за набавка на услуги – Услуги за складирање и чување на документација на договорниот орган Јавна здравствена установа Универзитетска Клиника за Урологија, Скопје.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и неприменување на Законот за јавни набавки. Во тужбата е наведено дека договорниот орган во образложението на својата одлука не ги навел причините зошто понудата на сега тужителот се отфрла како неприфатлива што е спротивно на член 111 и 112 од Законот за јавните набавки, согласно кои треба да следи детално образложение зошто понудата е неприфатлива и понудувачот чија понуда е избрана за најповолна, како и понудувачите што биле одбиени или оние чија понуда не била избрана за најповолна, односно отфрлена. Видно обжалената Одлука Арх.број 02-285/17 од 23.06.2020 година истата не содржи причини за одбивање односно отфрлање на понудата на тужителот што е вон рамките на Законот за архивско работење, а особено вон рамките на тендерската документација по огласот 03007/2020, од каде произлегува дека тужителот не бил известен согласно цитираната одредба од Законот за јавни набавки, со што е сторена суштествена повреда на постапката. Имено, договорниот орган при евалуација на понудите својата одлука ја заснован исклучиво на Записник 02-285/15 од 03.06.2020 година од извршен увид по објавениот оглас бр.03007/2020 за набавка на услуги за закуп и складилишта на единица за физичко архивирање и чување на документација, кој е изготвен спротивно на Законот за јавни набавки и кој содржи неточни и погрешни податоци, а кој не му бил доставен на тужителот а го потпише ниту пак да изврши

увид во истиот. Оттука, повредено е начелото на сослушување на другата страна, а истовремено со ова пропуштање навремено да се достави Записникот не му е дадена можност да расправа во постапката за јавна набавка во прв степен. Понатаму, истакнато е дека спротивно на утврденото во Записникот за својата техничка оспособеност економскиот оператор во оваа постапка за јавна набавка ги доставил сите побарани сертификати и елаборати предвидени со Законот за архивски материјал и подзаконски акти донесени врз основа на овој закон, особено на Правилникот за кадровски, технички и просторни услови кои треба да ги исполнат документарните центри за заштита, чување и користење на приватниот архивски и документиран материјал, видно кои може да се утврди дека истиот е оспособен за вршење на дејноста за физичко и дигитално чување и архивирање на документиран материја дури и во земјите членки на Европската унија, но очигледно ова не е доволно за договорниот орган па во спорниот записник внел неточни податоци со цел да го дисквалификува тужителот и со тоа попречил еднаков пристап на економските оператори во конкретната постапка за јавна набавка. Истакнато е дека Комисијата во записникот погрешно утврдила дека економскиот оператор не располага со соодветен архивски сеф кога на страна 15 од Елаборатот за посебни намени (технички и просторни услови за документарни центри) бр.06-15 од 16.05.2015 година се дадени техничките карактеристики и димензии на Архивскиот сеф кој што го поседува КОНТЕГО ДОО Скопје, како и дека истиот не располага со соодветен систем за контрола на температурата и влагата во своите простор, што укажува на фактот дека Комисијата излага вон рамките на своите овластувања и си дала за право самата да утврдува без да поседува потребно техничко знаење за оваа област. Исто така, тужителот наведува дека утврдената техничка спецификација не содржи доволно јасни и прецизно дефинирани услуги кои треба да бидат реализирани, туку единствено ги содржи повторно доказите за утврдување на способност, точки 4 и 6 од тендерската документација. Предвид наведеното договорниот орган погрешно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право на начин што постапил спротивно на член 140 став 4 од Законот за јавните набавки односно не побарал дополнителни информации или појаснување на техничката понуда, истата ја отфрлил со образложение дека не ги исполнува барањата и стандардите од техничката спецификација.

Судот согласно чл.23 од Законот за управните спорови ("Службен весник на РСМ" бр.96/2019), Судот на ден 30.07.2020 година ја достави тужбата на правното лице ТДКАД ИНБОХ Скопје, при што истото како заинтересирано лице во спорот има положба на странка.

Тужениот орган во одговор на тужба остана во се при наводите дадени во образложението на оспореното решение, со предлог тужбата да биде одбиена како неоснована.

На одржаната јавна расправа на ден 14.07.2021 година, полномошникот на тужителот остана во целост кон наводите во тужбата и дополни дека во конкретниот случај видно од сите докази коишто се доставени со тужбата може да се утврди дека и првостепениот и второстепениот орган сториле повреда на одредбите на Законот за јавни набавки на начин што вршеле евалуација на доставените понуди надвор од она што е предвидено со законот. На овој начин повредени се одредите од член 113, 114 141 од Законот за јавни набавки, а во конкретниот случај договорниот орган не можел и не смеел да врши увид и извиди на начин како тоа го сторил и надвор од предвидената постапка да врши евалуација и проценка на техничката, материјално техничката опременост на тужителот, видно од Записник број 02-285/15 од 03.06.2020 година. Првенствено затоа што ја нема потребната стручност и знаење да врши

преквалификација или оценка, или проценка на материјално техничката опременост на сега тужителот во состојба кога тужителот ги поседува сите сертификати и одобренија утврдени со позитивните прописи кои ја регулираат таа материја. За иста или слична фактичка состојба во управна и судска постапка има различно постапување и сторена повреда со вршење на увид од страна на договорниот орган надвор од она што е предвидено во Законот за јавни набавки, од кои причини предлагам тужбата да биде уважена во целост.

Овластениот претставник на туженииот орган изјави дека во однос на околностите на валидност на Записникот за извршен увид на лице место од страна на Комисијата за јавни набавки е расправано од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки, по претходна жалба и е донесено Решение 09402/5 од 29.04.2020 година. Тужителот тогаш не го оспорил ова решение на оваа околност туку при повторно поднесената жалба за сега оспореното решение приговара дека Комисијата за јавни набавки излегла вон рамките на своите овластувања. Согласно одредбите на член 141 став 6 од Законот за јавните набавки, Државната комисија не расправа за правни работи кои претходно биле утврдени по истиот предмет. Од тие причини истакна дека останува во се како во одговорот на тужбата.

Во доказна постапка Судот на расправата ги изведе сите списи и докази од тужбата, направи увид во електронскиот систем за јавни набавки од Бирото за јавни набавки на Република Северна Македонија во врска со огласот за јавна набавка бр.03007/2020 на договорниот орган Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за Урологија, Скопје и оспореното решение на туженииот орган.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган спровел постапка за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.03007/2020 за набавка на услуги – Услуги за складирање и чување на документација, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр. 02-41/8 од 14.01.2020 година. Имено, постапката бика објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, како неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор да се користи економски најповолна понуда – цена и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. При тоа, од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност на понудата и 5.00% Гаранција за квалитетно извршување на договорот.

Незадоволен од изготвената тендерска документација, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор КОНТЕГО ДОО Скопје, сега тужителот. Постапувајќи по жалбата Државната комисија за жалби по јавни набавки донела Решение бр.09-225/6 од 12.03.2020 година, со кое жалбата на сега тужителот била одбиена поради неоснованост.

До крајниот рок за поднесување на понудите 16.03.2020 година пристигнале вкупно две понуди, за што бил составен Записник од отварањето на понудите заведен под број 02-285/5. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите при што понудувачите кои доставиле прифатливи понуди биле поканети на е - аукција. Врз основ на Извештајот од текот на е –аукцијата и Извештајот од спроведената постапка бр.02-285/7 од 03.04.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор ИНБОХ ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што

била донесена Одлука за избор на најповолна понуда бр.02-285/8 од 06.04.2020 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда бр.02-285/8 од 06.04.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор ИНБОХ ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по жалбата, Државната комисија за жалби по јавни набавки донела Решение бр.09-402/5 од 29.04.2020 година, со кое ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.02-285/8 од 06.04.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.03007/2020 за набавка на услуги – Услуги за складирање и чување на документација на договорниот орган Јавна здравствена установа Универзитетска Клиника за Урологија, Скопје и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување.

Постапувајќи по Решението бр.09-402/5 од 29.04.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила повторна проверка на комплетноста и валидноста на понудите и изготвила повторен Извештај од спроведената постапка од 22.06.2020 година. Врз основа на Извештај од спроведената постапка од 22.06.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор ИМБОХ ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице во договорниот орган по што била донесена Одлука за избор на најповолна понуда од 23.06.2020 година.

Незадоволен од Одлуката за избор на најповолна понуда од 23.06.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор КОНТЕГО ДООЕЛ Скопје, сега тужителот.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 160 став 1 точка 3 и став 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за јавните набавки, а врз основа на доказите приложени во предметот од спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, Државната комисија го донела сега оспореното решение со кое жалбата на жалителот КОНТЕГО ДОО Скопје се одбива како неоснована.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), „Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општопримenливите прописи и сета дополнителна документација. Согласно точка 11 од истиот член „Прифатлива понуда“ е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се

дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Во член 3 став 1 од истиот закон, уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Во член 81 став 1 од истиот закон, Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Во член 109 став 1 од истиот закон, кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот.(2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.(3) Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата.(4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.(5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок.(6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира.(7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.(8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.(9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка.(10) При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член.(11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Во конкретниот случај, Судот цени дека тужениот орган врз основа на сите докази од предметот за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, правилно ги применил горе цитираните законски одредби и со сега оспореното решение правилно ја одбил како неоснована жалбата на КОНТЕГО ДОО Скопје, изјавена против против Одлуката за избор на најповолна понуда од 23.06.2020 година донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр. 03007/2020 за набавка на услуги – Услуги за складирање и чување на документација на договорниот орган Јавна здравствена установа Универзитетска Клиника за Урологија, Скопје.

Од извршениот увид во списите на предметот, Судот утврди дека Државната комисија за жалби по јавни набавки правилно констатирала дека договорниот орган

не ги сторил пропустите на кои се повикува сега тужителот, односно истиот постапил согласно забелешките на Државната комисија за жалби по јавни набавки дадени во претходно донесеното Решение бр. 09-402/5 од 29.04.2020 година. Ова, од причина што побиваната Одлука за избор била јасна и разбирлива со образложение и поука, а видно која за најповолен понудувач за набавка на Услуги за складирање и чување на документација правилно било избрано Трговско друштво за канцелариско административни дејности ИНБОХ ДООЕЛ Скопје. Имено, ваквата одлука се заснова на претходно извршена оцена на доставените понуди од понудувачите ИНБОХ ДООЕЛ Скопје и КОНТЕГО ДОО Скопје, сега тужителот, со комплетни, уредни и навремени понуди со сите потребни документи и Изјава дека економскиот оператор ќе овозможи увид на комисијата од предметната јавна набавка во просториите на Документарниот депо, Архивскиот сеф, Серверската соба и Скенинг центарот и тестирање на агрегатот за резервно напојување и тестирање на опремата за дигитализација – скенирање, предвидена согласно тендерската документација, а по што после ќе биде изготвен Записник. На вака изготвената тендерската документација немало изјавено жалба. Потоа, на записникот Комисијата утврдила дека сега тужителот не ги исполнил сите услови од тендерската документација, односно точка 5.3.3 во делот за техничка и професионална способност, од причина што доставил изјава, а по извршен увид утврдено било дека увидот и изјавите кои ги дал несоодвествувале, односно биле констатирани недостатоци од кои произлегува незадоволување на предвидените критериуми од техничката спецификација.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот дека повредено е начелото на сослушување на другата страна со ова пропуштање навремено да се достави Записникот од каде не му е дадена можност да расправа во постапката за јавна набавка во прв степен, меѓутоа истите ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што од тужителот било доставено Известување со побиваната одлука за избор и Записникот за извршен увид на комисијата, со што е постапено согласно одредбите од Законот за јавните набавки, повеќе што на самиот Записник за извршен увид на комисијата од страна на сега тужителот не била дадена никаква забелешка во моментот на посетата кога истиот се изготвувал на увидот на лице место, што укажува на фактот дека со истиот се согласил, за што правилно е утврдено дека не е сторена повреда на одредбите од Законот за јавни набавки.

Во однос на тужбените наводи дека располага со сите потребни сертификати предвидени во Законот за архивски материјал и подзаконски акт, особено со Правилникот за кадровски, технички и просторни услови кои треба да ги исполнат документарните центри за заштита, чување и користење на приватниот архивски и документарен материјал и ги доставил сите потребни сертификати и елаборати меѓутоа договорниот орган определил нови услови, овој Суд исто така ги најде неосновани. Ова од причина што Комисијата за јавни набавки при договорниот орган во целост постапила по дадените Државната комисија за жалби по јавни набавки дадени во претходно донесеното Решение бр. 09-402/5 од 29.04.2020 година и извршила увид во просториите на сега тужителот како економски оператор.

Судот од увидот сите списи во електронскиот систем за јавни набавки од Бирото за јавни набавки на Република Северна Македонија во врска со огласот за јавна набавка бр.03007/2020 на договорниот орган Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за Урологија како и од Записникот од изрешен увид во просториите на тужителот на ден 03.06.2020 година наде дека тужениот орган правилно утврдил дека во Записник се констатирани забелешки по однос на недостатоците поради кои понуда на тужителот правилно е отфрлена како неприфатлива во смисла на Уредбата за канцелариско и архивско работење издадена во Службен весник на РМ бр.1 од 03.01.2014 година од Влада на Република

Македонија и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење објавено во Служен весник на РМ бр.99 од 02.07.2014 година.

Имено,неосновани се тужбените наводи за погрешно утврдена фактичка состојба. Ова од причина што видно од Записникот од изрешен непосреден увид во просториите на тужителот на ден 03.06.2020 година било констатирано дека овој економски оператор нема соодветен систем за рано откривање, сигнализација и дојава на пожар, тавански сензор, ниту тавански прскалки, нема огноотпорност од најмалку 60 минути спрема внатрешно и 180 минути спрема надворешно опкружување туку на вратата имало само видлива лепенка накнадно залепена, односно не бил втиснат сертификат напревен при производство како што е стандардот. Воедно, правилно е утврдено дека тужителот како економски оператор не поседува систем за гаснење на пожар, односно има независна физички поставена боца несоодветна на стандардот од Упратството, како и залепен антистатички под кој не е издигнат на височина и при најмал излив на вода има опасност од електричен удар бидејќи каблите од инсталацијата се наоѓаат на исто ниво. Поради погоре наведеното, судот најде дека оспореното решение е правилно и законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 14.07.2021 година под У-6.бр.1310/2020.

Судија
Ана Герасимовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се доставина:
- тужител, преку полномошник
- тужен орган
- заинтересирано лице - ТДКАД ИНБОХ Скопје

Судија
Ана Герасимовска

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува судски службеник